**Известување за концентрација со Messer SE & Co. KgaA Германија и Toyota Tsusho Europe S.A. Белгија ќе формираат целосно функционално заедничко вложување**

**(предмет бр. 08-100/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.07.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Messer SE & Co. KGaA, со седиште во Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Германија и Toyota Tsusho Europe S.A. Белгија ќе формираат целосно функционално заедничко вложување.

Messer SE & Co. KgaA е холдинг компанија од групацијата компании Messer Group, производител на индустриски гасови. Messer SE & Co. KgaA дејствува како менаџмент холдинг компанија и, заедно со нејзините филијали и заеднички компании (joint ventures), ја формира Messer Group. Messer Group произведува и продава индустриски гасови, како кислород, азот, аргон, јаглерод диоксид, водород, хелиум, заварувачки гасови, специјални гасови, медицински гасови и многу разни гасни мешавини. Тие се употребуваат во разни индустриски сектори како обработка на челик и метал, хемикалии, храна и фармација, автомобилска и електронска индустрија, медицина, истражување и одржлива технологија.

Messer е присутен во Р. Северна Македонија како единствен содружник во МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Источна индустриска зона ББ, со главна дејност производство и продажба на индустриски, технички и медицински гасови.

МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје не е активен на некој пазар на продукти на кој ќе делува новото заедничко вложување и нема да учествува во планираниот заеднички бизнис.

Тојота Тсушо Европа е филијала целосно во сопственост на Тојота Тсушо Корпорацијата, трговска компанија која работи глобално со метали, делови и логистика, автомобили, машинерија, енергија и проекти, хемикалии и електроника, како и храна и скетори на услуги за потрошувачи.

Новата Joint Venture компанија ќе нуди one-stop-shop услуги за флотни оператори, која услуга ќе обединува обезбедување на возила на водород, одржување и менаџирање на флотата возила, како и on site производство и снабдување со зелен водород и главно ќе се фокусира на оекти во Европа. Засега новото заедничко вложување нема да има деловни активности во Р. Северна Македонија. Ако во иднина има, новото заедничко вложување би формирала нова локална специјализирана фирма

Според подносителот, релевантен пазар на производи/ услуги се one stop/shop услуги за флотни оператори на возилна погонети со водород. Релевантен географски пазар е пазарот на Европската Унија со можни селектирани проекти надвор од ЕУ како исклучок.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.07.2023 година
Скопје